ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 32-86/2
26.01 20 26 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп поднесено на 22.01.2026 година, имателот на информацијата Општина Кривогаштани го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, поднесено до Општина Кривогаштани, заведено под број 32-86/1 од 22.01.2026 **СЕ УВАЖУВА.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Општина Кривогаштани, беше доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, заведено во архивата на Општина Кривогаштани под архивски број 32-86/1 од 22.01.2026 година со кое Барателот бара преку електронски запис/е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

1. Дали Општина Кривогаштани има донесено Програма или Акциски план наменета за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано и семејно насилство?
2. Дали Општина Кривогаштани има изготвен Протокол за меѓусебна соработка за преземање на мерки за превенција, спречување и заштита од родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство во локалната заедница?
3. Дали Општина Кривогаштани има воспоставено Центар за згрижување на жртви, советувалиште за жртви или други услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано и семејно насилство?
4. Кои активности ги има спроведено Општина Кривогаштани самостојно или во соработка со здруженија, фондации и други организации, насочени кон промоција, превенција и заштита од родово-базирано насилство на жените и смејното насилство во периодот 2022-2025 година?

Општина Кривогаштани Ви ги доставува следните одговори на вашите поставени прашања:

1. Дали Општина Кривогаштани има донесено Програма или Акциски план наменета за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано и семејно насилство?
   - **Не**

2. Дали Општина Кривогаштани има изготвен Протокол за меѓусебна соработка за преземање на мерки за превенција, спречување и заштита од родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство во локалната заедница?
   - **Не**
3. Дали Општина Кривогаштани има воспоставено Центар за згрижување на жртви, советувалиште за жртви или други услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано и семејно насилство?
   - **Не**
4. Кои активности ги има спроведено Општина Кривогаштани самостојно или во соработка со здруженија, фондации и други организации, насочени кон промоција, превенција и заштита од родово-базирано насилство на жените и смејното насилство во периодот 2022-2025 година?
   - **Нема**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**По овластување на Градоначалникот**
**на Општина Кривогаштани**
**Службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер**
**Христина Стомнароска**